Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

# Извадок на дел од дневни настани 28.11.2019

На 27.11.2019 во 10.45 часот, полициски службеници од СВР Скопје на кеј „Димитар Влахов" го лишиле од слобода Т.С.(40) од Скопје, затоа што при извршен преглед во патничко моторно возило „голф 4" била пронајдена кафеава прашкаста материја. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 27.11.2019 полициски службеници од Полициската станица Гевгелија, врз основа на наредба од Основен суд Гевгелија, извршиле претрес во домот на К.С.(40) од с.Стојаково. При претресот била пронајдена и одземена околу

700 грама марихуана. Тој бил приведен во Полициската станица Гевгелија и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 27.11.2019 во 11.30 часот на Граничниот премин Долно Блаце, на влез во РСМ, при извршена проверка на А.О.(39) од Р.Србија, било констатирано дека се наоѓа во оперативната евиденција со мерка „апси" по барање на Интерпол. Тој бил лишен од слобода и предаден на полициски службеници од Полициската станица Чаир за понатамошна постапка.

На 27.11.2019 во 16.00 часот на Граничен премин „Деве Баир" бил лишен од слобода С.Х.(39) од Р.Турција, кој управувал товарно моторно возило „волво", со турски национални ознаки. Тој при пасошка контрола приложил фалсификувана меѓународна зелена карта. С.Х. бил предаден на полициски службеници од Полициска станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при МВР до Основно јавно обвинителство Скопје, поднесе кривична пријава против Д.Д.(46) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем", казниво по член 394-г од Кривичниот законик. Пријавениот, на 26.11.2019 на социјалната мрежа Facebook објавил статус, со кој го сторил делото.

На 27.11.2019 во 19.50 часот во Полициската станица Карпош Д.П.(73) од Скопје, пријавил дека на ул.„Франц Месеснел" во населбата Влае бил каснат од куче скитник во пределот на десната потколеница.

На 27.11.2019 во 10.30 часот било пријавено дека на сервисна улица од бул. „Јане Сандански" патничко моторно возило „хјундаи", со скопски регистарски ознаки управувано од М.М.(30) од Скопје удрило во дете, кое се здобило со тешки телесни повреди по што било пренесено во Комплексот клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

Во текот на 27.11.2019 година на подрачјето на СВР Скопје превземени се мерки и активности и констатирано е дека **еден** возач управувал возило со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени **шест**возачи, затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило. Исто така, исклучени од сообраќај се и **две** возила бидејќи биле нерегистрирани. Во однос на пешаците, санкционирани се **три** пешаци поради поминување коловоз вон пешачки премин и **три** пешаци поради поминување коловоз на црвено светло. Во текот на изминатиот ден издаден е **еден** мандатен платен налог и **82** возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 27.11.2019 во 15.30 часот во Полициската станица Центар Б.Г.(34) од Скопје, пријавила дека на бул.„Мајка Тереза" била касната куче скитник во

пределот на левата нога.

На 27.11.2019 околу 19.10 часот, полициски службеници на СВР Тетово - Полициска станица Гостивар, со судски наредби, ги привеле М.С.(38) од гостиварска Симница и А.Х.(32) од Гостивар, осудени на затворска казна за сторено кривично дело „разбојништво". Тие биле спроведени во Казнено-поправната установа „Идризово" во Скопје за издржување на затворската казна.

На 27.11.2019 на поширокото тетовско подрачје била спроведена сообраќајна акциска контрола. При контролата биле откриени **14** технички неисправни возила (сопирачки), **две**возила со истечена регистрација и **14** други видови прекршоци. За сите прекршоци поднесени  се соодветни поднесоци.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против Л.А.Д.(52) од Македонска Каменица, поради постоење основи на сомнение за сторено  кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување". Во периодот од 01.01.2016 до 31.12.2016, пријавената, како поранешен директор на училиште во Македонска Каменица, постапила спротивно на Законот за јавни набавки и во повеќе наврати, без одлука и спроведена постапка за јавна набавка, извршила набавка на стоки и услуги, а во одредени случаи вршела делење на истородни набавки на помал износ, со цел да ја избегне постапката предвидена со Законот за јавни набавки. Притоа, во четири случаи набавила компјутерска опрема, училишни и канцелариски материјали, книги и весници, со што овозможила одредени правни лица од кои се набавувале предметите да се стекнат со материјална корист од 639.297 денари.

Полициски службеници од СВР Битола на 27.11.2019 извршиле контрола алкохол, брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство. Притоа, констатирано е дека **двајца** возачи управувале возило без возачка дозвола, безбедносен појас не користеле **три** возачи, **двајца** возачи зборувале на мобилен телефон при управување на возилото, **еден** возач бил под дејство на алкохол и бил исклучен од сообракај. За сите неправилности издадени се соодветни налози.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против С.М.(71) од Охрид, поради постоење основи на соменение за сторено кривично дело ,,узурпација на недвижности". На 26.06.2019 од општински комунален инспектор на пријавениот, кој бил управител и сопственик на фирмата и без поседување одобрение за поставување урбана опрема маси и столици на јавна површина и без да плати соодветен надоместок на општина Охрид, поставил урбана опрема, му бил изготвен записник за извршен надзор и било донесено решение за отстранување на урбаната опрема од пред угостителскиот објект.

Но, од пријавениот не било постапено по решението и тој продолжил да работи и да остварува нелегални приходи на државен имот.

На 27.11.2019 околу 09.40 часот во Полициската станица Пробиштип, од Итната медицинска помош Пробиштип било пријавено дека за укажување на лекарска помош се јавил В.М.(46) од Пробиштип, кој се здобил со повреда при работа во фабрика во Пробиштип. Се преземааат мерки за расчистување на случајот.

На 27.11.2019 околу 14.30 часот во СВР Велес било пријавено дека на автопатот Велес - Градско, на околу 2 км. пред патарина „Стоби", настанал пожар во патничко возило во движење, „волво", со бугарски национални ознаки, управувано од Б.М.(65) од Р.Бугарија. Од екипа на Територијалната противпожарна единица Велес пожарот бил локализиран. Увид извршила екипа од СВР Велес.

На 27.11.2019 околу 23.00 часот на бул.„Партизански одреди" во Скопје полициски службеници го лишиле од слобода В.К.(23) од Скопје, поради тоа што физички нападнал полициски службеници кои извршувале службени дејствија. В.К. бил приведен во Полициската станица Карпош и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 27.11.2019 во 18.55 часот во СВР Скопје, Б.И.(43) од Скопје пријавил дека околу 18.45 часот на ул.„Филип Втори Македонски" неговиот малолетен син бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.11.2019 во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во барака во н.Јака, Скопје, сопственост на С.С(54) од Скопје. Пожарот бил изгаснат од Противпожарната единица од Скопје. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 27.11.2019 во 20.00 часот во СВР Скопје, М.С.М.(74) од Скопје пријавила дека околу 15.45 часот на ул.„Водњанска", по претходна расправија, била физички нападната од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.11.2019 во 11.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, М.Ј.(69) од Скопје пријавила дека на ул.„Вера Јоциќ" била касната од куче скитник во пределот на десната потколеница.

Полициската станица Крива Паланка поднесе кривична пријава против Б.Н.(62) од с.Конопница, кривопаланечко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 21.12.2018 полициски службеници извршиле претрес во куќа во која живее пријавениот во с.Конопница, при што пронашле и одзеле пушка ,,STEYR M95/24" со калибар 7.9 мм.

На 28.11.2019 во 01.15 часот во СВР Скопје, К.С.(29) од с.Мирковци, скопско, пријавила дека на 27.11.2019 околу 21.00 часот во семејниот дом во с.Мирковци, по претходна расправија, била физички нападната од свекрвата Д.П.К. од с.Мирковци, а потоа и нејзиниот сопруг Д.К. ѝ упатувал закани по живот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Велес поднесе кривична пријава против В.А.(60) поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „загрозување на сигурноста” и „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи‟ и Ј.А.(30), двајцата од с.Горно Оризари, велешко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување на општа опасност”. На 16.06.2019 во семејна куќа во с.Горно Оризари, В.А. се заканувал на неговата сопруга А.Е. и неговиот син Ј.А. Во еден момент првопријавениот излегол во дворот со пиштол „црвена застава‟, за кој не поседувал дозвола, при што Ј.А. му го одзел и, за да го заплаши, испукал неколку куршуми во воздух.

На 27.11.2019 во 19.15 часот во СВР Скопје, А.К.(38) од с.Паничари, скопско, пријавил дека на ул.„Лазо Трповски‟ во Скопје бил физички нападнат од две лица кои му одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Б.А.(42) од Неготино поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи‟. На 04.06.2019 полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот на ул.„Питу Гули‟, при што пронашле и одзеле 48 куршуми со калибар 22 LR.

На 27.11.2019 во 15.30 часот во СВР Скопје, Н.Н.(30) од Скопје пријавил дека околу 14.20 часот на бул.„Александар Македонски‟ бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
СВР Охрид поднесе кривична пријава против Ф.Д.(44) од Охрид и Елита Трејд ДООЕЛ, Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,узурпација на недвижности‟. На 26.06.2019 од општински комунален инспектор на пријавениот, кој бил управител и сопственик на фирмата и без поседување одобрение за поставување урбана опрема маси и столици на јавна површина и без да плати соодветен надоместок на општина Охрид, поставил урбана опрема, му бил изготвен записник за извршен надзор и било донесено решение за отстранување на урбаната опрема од пред угостителскиот објект. Но, од пријавениот не било постапено по решението и тој продолжил да работи и да остварува нелегални приходи на државен имот.

На 27.11.2019 во 16.00 часот во СВР Скопје, А.Љ.(38) од Скопје пријавил дека околу 11.40 часот на ул.„Партизанска‟, по претходна расправија, бил физички нападнат од И.И. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Љ.Т.(61) од с.Лескоец,охридско и „Вита Комерц 2017" ДОО Охрид, поради постоење основи на соменение за сторено кривично дело ,,узурпација на недвижности". На 26.06.2019 од општински комунален инспектор на пријавениот, кој бил управител и сопственик на фирмата и без поседување одобрение за поставување урбана опрема (маси и столици) на јавна површина и без да плати соодветен надоместок на општина Охрид, поставил урбана опрема, му бил изготвен записник за извршен надзор и било донесено решение за отстранување на урбаната опрема од пред угостителскиот објект. Но, од пријавениот не било постапено по решението и тој продолжил да работи и да остварува нелегални приходи на државен имот.

На 27.11.2019 во 13.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, Д.Ф.(21) од Скопје пријавила дека на ул.„Петар Дељан" била касната од куче скитник во пределот на десната нога.

На 27.11.2019 во 12.50 часот во Полициската станица Центар Н.С.(33) од Скопје, пријавила дека нејзините деца близнаци во нејзиниот дом на ул. „Загрепска" биле физички и психички малтретирани од А.К.(55), која била ангажирана како нивна дадилка. А.К. е приведена, а за случајот е известен Јавен обвинител. По целосно документирање на случајот, против неа ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во 11.08 часот во СВР Скопје било пријавено дека во ГОБ „Наум Охридски" било донесено повредено малолетно лице. Според пријавеното, малолетникот околу 10.50, по претходна вербална расправија, бил нападнат со остар предмет од негов врсник од истото училиште. Напаѓачот е обезбеден од страна на полициски службеници и заедно со родителот се упатени во ПС Чаир.

На 27.11.2019 во 01.30 часот во Полициската станица Гевгелија бил лишен од слобода и задржан сирискиот државјанин О.О.(24) поради сомнение за сторено кривично дело „кражба" на подрачјето на Гевгелија.

На 27.11.2019 во 18.00 часот во Полициската станица Аеродром, П.Д.(47) од Скопје пријавил на ул.„Владимир Комаров" бил каснат од куче скитник во пределот на десната потколеница.

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

(/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)